Бр: 10-106
Скопје: 21.10.2021

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-1116/1 од 29.09.2021 година (Наш број 10-106 од 29.09.2021 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 21.10.2021 година го донесе следното

# **МИСЛЕЊЕ**

Најавата за планиран втор инвестициски проект на Друштво за производство, трговија и услуги АРЦ АУТОМОТИВ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, со кој се предвидува инвестирање во материјални и нематеријални средства поврзани со проширување на капацитетите за производство на фабриката во ТИРЗ Скопје 1 е во согласност со Законот за контрола на државната помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на РМ“ бр. 109/13), под услов вкупниот интензитет на регионалната помош кој Друштво за производство, трговија и услуги АРЦ АУТОМОТИВ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден би ја добила од државата како индивидуална помош и /или преку шема на помош да не надминува 50% од оправданите инвестициски трошоци, со тоа што корисникот на помошта задолжително мора да учествува со најмалку 25% во финансирањето на проектот, согласно член 5 став 4 од Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош, а инвестицијата да се одржува најмалку 5 години по целосната реализација, согласно член 6 став 1 од Уредбата.

Во Барањето на Мислење бр. 13-1116/1 од 29.09.2021 година наведено е дека за потребите на инвестицискиот проект, компанијата до крајот на 2023 година планира да реализира инвестиција во висина од 5.000.000 евра. За потребите на проширувањето, Друштвото за производство, трговија и услуги АРЦ АУТОМОТИВ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден планира да креира 30 нови работни места. Во барањето на Мислење исто така е наведено дека во пакетот на мерки за планирано доделување на регионална помош, дел од мерките ќе се доделуваат во согласност со Законот за ТИРЗ а дел како индивидуална помош во согласност со Законот за контрола на државната помош.

Во Барањето на мислење бр. 13-1116/1 од 29.09.2021 година е наведено дека Друштво за производство, трговија и услуги АРЦ АУТОМОТИВ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден до сега има реализирано еден инвестициски проект во ТИРЗ Скопје 1, во висина од 14.000.000 евра, во периодот од 2014-2018 година. Државната помош која е доделена за првиот инвестициски проект е доделена според Законот за технолошки индустриски

развојни зони, а е одобрена преку Одлуката бр. 10-413/2 на Комисијата за заштита на конкуренцијата од 04.11 2008 година со која овој Закон е одобрен како шема на помош.

Во врска со најавата за реализација на втор инвестициски проект на Друштво за производство, трговија и услуги АРЦ АУТОМОТИВ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден во ТИРЗ Скопје 1, кој вклучува инвестирање во материјални и нематеријални средства поврзани со проширување на капацитетите за производство на фабриката во ТИРЗ Скопје 1, давателот на државната помош е должен да поднесе известување за планирано доделување на индивидуална државна помош, согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош и Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојаната државна помош („Службен весник на РМ“бр. 142/11), како и на Образец I од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**